Уп. бр. 08-15

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ОРБИКО БУГАРИЈА ЕООД со седиште на ул. Челонешко шосе бр. 24 во гр. Софија 1839, Област Софија, Република Бугарија доставено преку Маја Парговска, адвокат од Скопје на седницата одржана на ден 04.02.2026 година, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото ОРБИКО БУГАРИЈА ЕООД со седиште на ул. Челонешко шосе бр. 24 во гр. Софија 1839, Област Софија, Република Бугарија ќе стекне самостојна контрола над дел од имотот и дел од деловни активности на ЕСТЕ ЛАУДЕР БУГАРИЈА ЕООД, со седиште на Авенија Цар Борис III бр. 159, 1618, Софија, Република Бугарија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 15.01.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на друштвото ОРБИКО БУГАРИЈА ЕООД со седиште на ул. Челонешко шосе бр. 24 во гр. Софија 1839, Област Софија, Република Бугарија**,** со која ОРБИКО БУГАРИЈА ЕООД ќе стекне самостојна контрола над дел од имотот и дел од

деловни активности на ЕСТЕ ЛАУДЕР БУГАРИЈА ЕООД, со седиште на Авенија Цар Борис III бр. 159, 1618, Софија, Република Бугарија.

ОРБИКО БУГАРИЈА ЕООД ќе се стекне со работењето на 7 (седум) малопродажни објекти во Бугарија од кои 2 (две) работат под брендот ЕСТЕ ЛАУДЕР, а 5 (пет) под брендот МЕК и договори за снабдување и лиценца со кои ОРБИКО БУГАРИЈА ЕООД ќе се стекнат со правото да ги оперираат малопродажните објекти под брендот МЕК согласно стандардите на овој бренд.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

-ОРБИКО БУГАРИЈА ЕООД, приоритетна дејност-внатрешна и надворешнотрговска дејност, трговско претставништво, посредништво, агентство, услуги-транспортни, шпедиторски, консултантски, рекламни, информатички, сервисни, градежни, проектантски, програмски, маркетинг, како и сервисни дејности.

ОРБИКО БУГАРИЈА ЕООД особено се занимава со трговија на големо и дистрибуција на: батерии и електроника, прехрамбени производи (бебешка храна и закуски), моторни масла, производи за лична хигиена, производи за одржување на хигиена во домаќинствата (хемија за домови), играчки и фармацевтски производи (суплементи).

ОРБИКО БУГАРИЈА ЕООД е во 100% сопственост на ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, со седиште на ул.Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска и со предмет на работење: трговија. ОРБИКО ДОО за трговија Загреб е присутно во Република Северна Македонија преку:
- **Друштво за трговија и услуги ОРБИКО ДОО Скопје**, со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 286, Кисела Вода - Скопје, Република Северна Македонија и со предмет на работење-неспецијализирана трговија на големо. ОРБИКО ДОО Скопје е застапник и дистрибутер на територијата на Република Северна Македонија за голем број на брендови кои се движат од: прехрамбени производи, моторни масла, батерии, парфеми, тоалетни води и дезодоранси, декоративна козметика, производи за лична хигиена, производи за нега, производи за одржување на хигиена во домаќинствата.

**-ЕСТЕ ЛАУДЕР БУГАРИЈА ЕООД е** со предмет на работење: увоз и извоз, тртговија на големо, дистрибуција и продажба на престижна козметика, тоалетни производи и друго.

ЕСТЕ ЛАУДЕР БУГАРИЈА ЕООД нема корпоративно присуство во Република Северна Македонија и не остварува приходи на територијата на Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 (б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**